„Секој брак на жена склучен без дозвола од нејзиниот старател е неважечки.“ – ова го повторил трипати -. „Ако мажот има интимен однос со неа, таа го заслужува мехрот поради односот. А ако настане несогласување, тогаш владетелот е старател на оној што нема старател.“

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Секој брак на жена склучен без дозвола од нејзиниот старател е неважечки.“ – ова го повторил трипати -. „Ако мажот има интимен однос со неа, таа го заслужува мехрот поради односот. А ако настане несогласување, тогаш владетелот е старател на оној што нема старател.“
[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وابن ماجه وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, предупредил дека жената не смее самата да се омажи без дозвола од нејзините старатели и дека таквиот брак е неважечки. Ова го повторил трипати, нагласувајќи дека таквиот брак како да не постои. Ако мажот има интимен однос со жената што ја зел во брак без дозвола од нејзиниот старател, таа го заслужува мехрот во целост поради односот што го имал со неа. Ако меѓу старателите настане несогласување околу тоа кој има право да ја омажи, а сите имаат ист приоритет, тогаш предност има оној што прв го презел старателството, под услов тоа да е во нејзина корист. Ако старателот одбие да ја омажи без оправдана причина, тогаш се смета како да нема старател, па таа улога ја презема владетелот или неговиот застапник, како што се судиите. Но, ако постои старател кој ја исполнува својата должност, владетелот нема надлежност врз неа.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/58067